РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: Pranuar: | | 26.05.2026 | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Nj.org. | Број: / Numer: | Прилог: Shtojce: | Вредност: Vlera: |
| УПП 03 | 9 | | |

# ОБРАЗЕЦ ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ ПРЕТСТАВКА/РЕАКЦИЈА

**Подносител – Име и презиме**

Д

**Податоци за контакт: Поштенска адреса/електронска адреса и/или телефонски број** (за доставување одговор)

М

**Назив на субјектот на кој се однесува претставката/реакцијата (**радио, телевизија, оператор на јавна електронска комуникациска мрежа, печатен медиум)

**Телекабел ДООЕЛ Штип**

**Датум и период (време на емитување или реемитување) на кој се однесува претставката/реакцијата**

**22.05.2026**

**Опис**

(Подетално образложете на што точно се однесува Вашата реакција)

Почитувани,

Ја поднесувам оваа претставка по долготрајно игнорирање и неможност да се воспостави комунќација за пријавување на технички проблем со наведениот оператор. Имено, на нивниот официјален телефонски број за пријави, во најголемиот дел никој никогаш не е достапен, понекогаш и телефоните се исклучени, а доколку се добие оператор, случајот никогаш не е решен. Пред денешниот проблем со наведениот датум, повеќе од 20 дена немавме одредени канали за кои ни беше кажано по доаѓање на нивна екипа цитирам: “Почекајте ќе се среди, секаде има проблем”.

Денес, имаме повторно проблем со недостапност на канали кој трае веќе 3 дена и не можеме да добиеме оператор на кој ќе пријавиме. Сметам дека истото е апсолутно недозволиливо затоа што ние како корисници имаме права и обврски, нешто што истото го имаат, или барем треба да го имаат и операторите, што во нашиот случај очигледно го немаат, а за истото редовно ги сервисираме нашите обврски према нив.

Воедно, дел од нивните канали (пример каналот ID нема превод на македонски јазик нешто што по закон е задолжително).

Барам контрола врз наведениот правен субјект затоа што ние самите без помош од

соодветна институција немаме начин да го решиме, зависиме од самоволие, а промената на оператор самото по себе не го решава основниот проблем - тоа што ние за одредени услуги сме плаќале, а не сме ги добиле.

Благодарам

**Датум и место на поднесување**

**Скопје, 22.05.2026**

**Потпис на подносителот**

**Ви благодариме!**